РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 23.02.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 1365/1 | 0 | |

ПРЕДЛАГАЧИ: Група пратеници

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО,
# ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, февруари 2026 година

ДО

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за ветеринарно здравство, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

**ВОВЕД**

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за ветеринарно здравство се уредуваат организацијата и одговорноста во вршењето на ветеринарната дејност, начелата и постапките за имплементација на активностите поврзани со заштита на животните и луѓето од болести кои се пренесуваат преку животни, производи, нуспроизводи од животинско потекло и предмети, активности против заразните болести кај животните, вклучувајќи зоонози, работата на Ветеринарната комора и други прашања од значење за ветеринарната дејност. Дополнително законот ја уредува и контролата и сузбивањето на болестите кај животните, општите услови за ставање во промет на животни и производи, увоз,транзит на животни, производи и предмети, финансирањето на здравствената заштита на животните и ветеринарното јавно здравство и други прашања во врска со вршењето на ветеринарното здравство.

Членот 105-а од постојниот закон воведува посебна „постапка за едукација“ како фаза при инспекциски надзор, што при примената создава правна фрагментација и непотребна бирократска сложеност, која по својата природа не соодветствува со правната природа на инспекцискиот надзор согласно Законот за инспекцискиот надзор заради што неопходна е појасна, поедноставна и системски усогласена законска рамка.

Имајќи во предвид дека обврската за задолжителна едукација исто така ја ограничува флексибилноста на инспекторите да постапуваат пропорционално и да реагираат ефикасно при нарушување на обврските, како и тоа дека практиката покажува дека целите на превенција и укажување можат ефикасно да се реализираат преку редовните овластувања на инспекторот при вршење на надзорот, без потреба од посебна формална постапка која го пролонгира постапувањето и создава административен формализам без соодветен правен ефект се наметнува потребата од измена на законот.

Заради овозможување на поефикасно и транспарентно спроведување на инспекцискиот надзор, како и за зајакнување на правната сигурност на субјектите на надзор и истовремено создавање на услови за примена на инспекциските мерки кои ги изрекуваат инспекторите при вршење на инспекциски надзор во однос на утврдените неправилности и недостатоци се предлага предметното изменување на Законот за ветеринарно здравство.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

Предлогот на закон има за цел да ја поедностави и систематизира законската рамка и да обезбеди усогласеност со општите закони за инспекциски надзор и прекршоци, да ја елиминира непотребната формализирана постапка за „едукација“, која

создава сложеност и правна фрагментација, а истовремено ја ограничува флексибилноста на инспекторите да постапуваат пропорционално и ефикасно.

Ова решение го зајакнува принципот на правна сигурност, овозможувајќи субјектите на надзор јасно да ги предвидат своите обврски и последици, а истовремено остава простор за примена инспекциските мерки како дел од редовната инспекциска пракса.

Со ваквото усогласување, се постигнува поефикасен надзор, поедноставна административна рамка и подобра законска предвидливост за сите засегнати страни.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Спроведувањето на законот не предизвикува дополнителни финансиски обврски за Буџетот на Република Северна Македонија, ниту за другите јавни финансиски средства.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни дополнителни финансиски средства и истиот не повлекува материјални обврски за одделни субјекти.

## V.СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, бидејќи не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието по Предлогот на закон за изменување на Законот за ветеринарно здравство да расправа по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО

Член 1

Во Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија “ број 113/2007, 67/10, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), членот 105-а се брише.

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од  денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

### I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ

Предлог на законот за изменување на Законот за ветеринарно здравство содржи 2 члена.

Со членот 1 се брише членот 105-а од постојниот закон .

Членот 2 го уредува влегувањето во сила на законот.

### II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во овој предлог на закон, се меѓусебно поврзани и чинат една правна целина.

### III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложеното законско решение ќе постави појасна и покохерентна законска рамка во делот на инспекцискиот надзор, без паралелни и формализирани постапки , ќе ја зајакне правната сигурност и предвидливоста за субјектите на надзор, чие постапувањето се темели на системските закони за инспекциски надзор и прекршоци и ќе се овозможи поефикасно, побрзо и пропорционално постапување на инспекциските органи, без непотребни административни одложувања, што ќе придонесе кон поефективна примена на законот и подобра заштита на јавниот интерес.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ
ОД ЗАКОНОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО,
КОИ СЕ МЕНУВААТ

**Член 105-а**
**Постапка за едукација**

(1) Доколку при вршење на инспекцискиот надзор инспекторот утврди дека е сторена неправилност од членовите 109 и 110 на овој закон, е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Агенцијата, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку инспекторот при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка.

(9) Агенцијата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од директорот на Агенцијата.